РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-10113/4
01-04-2022 20 год.-viti

Друштво за трговија и услуги
А П О Л О
Ратко ДООЕЛ експорт - импорт
Бр. 0907-062 Скопје 04.04.20 22 год.

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ТОНЕРИ -ДЕЛ 2

## 1.. ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1.Министерството за животна средина и просторно планирање, со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје, претставувано од страна на министерот Naser Nuredini (во понатамошниот текст „Договорен орган“) од една страна и

2. Друштво за трговија и услуги АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Никола Парапунов бр.27/3-5, Скопје претставувано од управителот Ратко Стоилков (во понатамошниот текст „Носител на набавката“) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е Набавка на тонери за HP Laser jet печатари, Canon печатари и плотер, Samsung печатари, Xerox печатари и OKI печатари, спроведена како Дел 2 од постапката за набавка на тонери по оглас бр.01807/2022, согласно барањата наведени во техничката спецификација од тендерската документација и прифатената понуда на носителот на набавката која е составен дел на овој договор.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вкупната вредност на овој договор за Дел 2 без пресметан износ на ДДВ изнесува 129.800,00 денари.
Вкупната вредност на договорот за Дел 2 со пресметан износ на ДДВ од 18% изнесува 153.164,00 денари.

Поединечните цени на стоките, предмет на овој договор се дадени во понудата на носителот на набавката, составен дел од овој Договор.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Договорот се склучува за период од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).

## V.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Услов за потпишување договор со најповолниот економски оператор е обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорт во износ од 5% од вредноста на договорот (со вклучен ДДВ).

**Член 5**

Избраниот најповолен понудувач ја доставува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучувањето на договорот во рок од 5 (пет) работни дена од добиеното известување.

Во исклучителни случаи, доколку банката не издава гаранција за квалитетно извршување на договорот без потпишување на договорот, истиотќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставувањето на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот чиј носителот на набавката се обврзува ја достави во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишувањето на договорот.
Во случај да не се достави гаранцијата, иако договорот е потпишан, ќе се смета дека истиот не е склучен и може да се издаде негативна референца.

**Член 6**

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка.

**Член 7**

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

**Член 8**

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

**Член 9**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена, доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот до Договорниот орган во рок од 2 (два) работни дена од денот на барањето за нарачка на стока (писмено или по меил на официалната електронска адреса на економскиот оператор).
Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр3, Скопје.
Испораката на стоките ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган.

Секоја поединечна испорака се смета за извршена со квалитетен и квантитативен прием на предметот на набавката на денот на потпишување на испратницата од двете договорни страни.
Носителот на набавката се обврзува да ги испорача предметните тонери согласно утврдениот квалитет на декларираните производители на производите и техничката спецификација.
Порачката и приемот на тонерите ќе го прави овластено лице од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.
Секоја испорака на тонерите од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка издадена од надлежното овластено лице на договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.
Носителот на набавка нема обврска да ги испорача сите количини во техничките спецификации.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Во случај на доцнење на испораката при исполнувањето на предметот на набавката од страна на носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.
Договорната казна се определува во висина од 0,5% од вредноста на производитет за секој ден доцнење, сметано од првиот ден на доцнење. Вкупниот износ на кзнените пенали не може да премине 10% од вкупната вредност на Договорот.

**Член 12**

Доколку во текот на приемот на предметот на договорот согласно член 2 на овој Договор се утврди дека предметот на договорот не одговара на утврденитот вид, карактеристики и количина или истиот е со квалитет понизок од квалитетот специфициран во Понудата, Договорниот орган има право да бара соодветна замена на предметот на договор, а Носителот на набавката се обврзува замената да ја изврши во рок од 5 (пет) работни дена. Во спротивно, Договорниот орган има право на раскинување на овој договор. Доколку Носителот на набавката замената не ја изврши во рокот утврден согласно став 1 од овој член, Договорниот орган има право на раскинување на овој договор.

## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 13**

При изготвуване на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведне следните елементи :

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;

- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати,пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка на ДДВ;
- вкупна цена за исплата на фактурата (во случаи на правдање на аванс итн.);
- валута на плаќање.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ И ПЛАЌАЊЕ

**Член 14**

Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански во рок од 30 дена по испорака на тонерите, поткрепена со испратница и доставување фактура за истите.
Прилог кон фактурата, задолжително да се достави испратница и записник од примопредавање на стоките предмет на набавката.

**Член 15**

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## X. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 16**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## XI. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 17**

Квалитативниот и квантитативниот прием на предметот на набавката од член 2 од овој Договор ги врши договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.
Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните стоки.
Доколку носителот на набавката испорача тонери со понизок квалитет или друг вид, Договорниот орган нема да ги прими, а истите ќе бидат вратени на товар на Носителот на набавката.

## XII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 18**

Носителот на набавката е должен да ги испорача стоките-предмет на овој договор на Договорниот орган во времето и на местото предвидено во член 10 од овој договор.

**Член 19**

Во цената, економскиот оператор се обврзува да ја пресмета царината, данокот на додадена вредност, трошоците за транспорт и други трошоци до седиштето на Договорниот орган.

## XIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 20**

Плаќањето на услугата ќе се врши во рок од 30 (триесет) дена по приемот на фактурата за извршените услуги со приложена испратница потпишана од страна на Договорниот орган и Носителот на набавката.

Во прилог на фактурата и испратницата, овластеното лице од договорниот орган подготвува и извештај за испорачана стока што е задолжителен дел за плаќање на фактурата.

**Член 21**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоките.

**Член 22**

Овластеното лице кај договорниот орган и овластеното лице од страна на носителот на набавката потпишуват испратница за испорачаната стока.

## XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН И РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 23**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуват важечките прописи на Република Северна Македонија.

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XV.ВИША СИЛА

**Член 24**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошле заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 25**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обвсрките или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 26**

Кога една од договорните страна нема да ја испони својата обврска во определениот рок, другата договорна страна ќе и остави соодветен дополнителен рок за исполнуваље на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, нема да ја исполни обврската ниту во дополнителниот рок, другата договрона страна може да го раскине договорт.

**Член 27**

Договоринот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, доколку од неговото однесување се покаже дека тој нема да ја заврши својата обврска во дополнителниот рок.

## XVII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 28**

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Член 29**

Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

## XVIII. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

**Член 30**

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## XIX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 32**

Ниту една договорна страна нема право свиоте обврски да ги пренесе на трета страна, без взамена писмена согласност.

**Член 33**

Овој договор влегува во сила и прозведува правно дејство помеѓу договрните страни од денот на неговото потпишување од двете договорени страни, односно од денот на доставување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

**Член 34**

Овој договор е составен од 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци, а Носителот на набавката задржува 2 (два) примерока.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Министер,**
**Naser Nuredini**

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
**Друштво за трговија и услуги АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**

**Управител,**
**Ратко Стоилков**

**Изготвил:** Faton Darlishta
**Контролирал:** Burbuqe Haxhijaha
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Весна Петрушевска
**Согласен:** Каја Шукова
Државен секретар

*Прилог: Понуда на Друштво за трговија и услуги АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје